# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Равен 8 2326 ПехчевоРепублика Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 44 13 21 + +389 033 44 1 322
e-mail: opstina_pehcevo@t.mk www.pehcevo.gov.mk


## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 год

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2024 година се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примена на следните законски прописи:

1. Закон за комунални дејности (“Службен весник на РМ„ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15,31/16 , 64/18 и 302/20)
2. Закон за јавначистота (“Службенвесникна РМ„ бр.130/10 пречистентекст, 23/11, 53/11, 80/12 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16)
3. Закон за снабдувањесоводазапиење и одведувањенаурбаниотпадниводи (“Службенвесникна РМ„ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13,10/15, 147/15и 31/16)
4. Закон за урбано зеленило (“Службенвесникна РМ„бр.11/18 и 42/20)
5. Закон за гробишта и погребалниуслуги (“Службенвесникна РМ„ бр.86/08, 156/10, 53/11, 163/131,52/15 и 31/16)
6. Закон за управување со пакување и отпад од пакувањето (“Службен весник на РМ„ бр.161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/5, 39/16и 215/21)
7. Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на РСМ„ бр.102/2019)
8. Закон за општата управна постапка (“Службен весник на РМ „бр.124/15)
9. Закон за прекршоци (“Службен весник на РСМ „бр.96/19)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Надлежност:

Инспекторот врши инспекциски надзор над примената на овие закони и прописите донесени врз основа на овие закони на јавни површини и на отворените простори на јавни објекти, на даватели на услуги кои се од јавен интерес од локално значење на општината Пехчево, согласно со закон.

Согласно законската регулатива која е погоре наведена за работа на општинскиот комунален инспектор на општина Пехчево за 2024год. инспекцискиот надзор ќе се извршува на:

1. Одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини како и чистење снег во зимски услови согласно со Годишната програма за одржување на јавна чистота на давателот на услуга);
2. Расчистување на снег пред деловните објекти, пред индвидуални и колективни станбени згради (правни и физички лица);
3. Одржување и поставување на урбана опрема и другиподвижни и неподвижниствари;

4. Одржување на јавно зеленило и паркови согласно годишната програма за одржување на јавно зеленило и паркови површини (на давател на услуга ЈКПКомуналец - Пехчево);
5. Одржување на јавни површини на отворени простори согласно со годишната програма за одржување на јавна чистота (правни и физички лица);
6. Одржување на јавната чистота на лица кои управуваат со јавни објекти (правни и физички лица);
7. Одржување на градскиот кеј на Писа – Пехчевска Река;
8. Испуштање на отпадни води (правни и физички лица);
9. Надзор над извршување на годишната програмата за контрола на популацијата за бездомни кучиња на територија на општина Пехчево;
10. Управување и одржување на градските гробишта на давателот на услуга ЈКП Комуналец - Пехчево;
11. Вршење на погребални услуги на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
12. Одржување на јавниот простор за паркирање;
13. Одржување на Градски пазар од страна на ЈКП Комуналец - Пехчево како давател на услуга;
14. Инспекциски надзор на правни и физички лица како корисници на комунални услуги;
15. Инспекциски надзор на неконтролирано оставање, фрлање, напуштање и спалување на отпадот;
16. Соголување и засекување на стебла на дрва;
17. Откривање и оштетување на корења на дрва и садници;
18. Истурање нечиста вода и други течности на зеленилото кои го загадуваат и оштетуваат зеленилото;

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на општинскиот комунален инспектор, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти, цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Исто така, општинскиот комунален инспектор ќе продолжи и со активностите за предлагање на измени и дополнувања на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сè со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Пехчево.

За спроведување на оваа Програма врз основа на Законот за комунални дејности, Законот за јавната чистота, подзаконските актиипрописите донесени врз основа на овие закони(Одлуката за јавна чистота), надзор врши општинскиот комунален инспектор во координација со комуналните редари.

**Оперативен план за работа на општински комунален инспектор**

При утврдување на содржината на Годишната програма за работа на општинскиот комунален инспектор, се планираат следните активности: редовни инспекциски надзори, контролни и вонредни (по барања, пријави и преставки).

| број | АКТИВНОСТ/ПРОЕКТ | ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА | БРОЈ НА ПРЕДВИДЕНИ НАДЗОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (месец) | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА | РИЗИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовен инспекциски надзор | Превентива, контрола и санкционирање | 1 | Јануари (01.01-31.01) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | ВИСОК |
| 2 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Февруари (01.02-28.01) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | ВИСОК |
| 3 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Март (01.03-31.03) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | ВИСОК |
| 4 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Април (01.04-30.04) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | ВИСОК |
| 5 | Редовен инспекциски надзор | | 2 | Мај (01.05-31.05) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 4 | | | ВИСОК |
| 6 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Јуни (01.06-30.06) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 4 | | | ВИСОК |
| 7 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Јули (01.07-31.07) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | ВИСОК |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Редовен инспекциски надзор | Превентива, контрола и санкционирање | 1 | Август (01.08-31.08) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | ВИСОК |
| 9 | Редовен инспекциски надзор | | 2 | Септември (01.09-30.09) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | ВИСОК |
| 10 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Октомври (01.10-31.10) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 5 | | | ВИСОК |
| 11 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Ноември (01.11-30.11) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | ВИСОК |
| 12 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Декември (01.12-31.12) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | ВИСОК |

СоветнаопштинаПехчево

Претседател

Виолета Ѓорѓиевска

_________________________

Изработил:

Општински комунален инспектор

Светлана Стамболиска

_________________________

Градоначалник,

Александар Китански

_________________________